Финансиско друштво ФИНМАК е современа компанија која применува иновативна и модерна технологија, посветена на корисниците. Нудиме брзи и лесни решенија за микрокредитирање на физички лица кои се достапни секому.

Нашиот тим се состои од професионалци од областа на финансии, грижа за корисници и ИТ. Поради брз раст на компанијата, повикуваме амбициозни лица да аплицираат на позицијата

# Раководител на сектор за услуга на клиенти

Вистинскиот кандидат за оваа позиција е проактивен, флексибилен и ориентиран кон резултати, со цел градење на успешна компанија, притоа имајќи позитивен став во обезбедување на исклучителни услуги кон нашите корисници.

**Клучни одговорности:**

- Менаџира со вработените во филијалите и контакт центарот за услуга на клиенти;
- Врши супервизија и евалуација на одобрувањето на кредити;
- Ги организира вработените со цел да обезбеди континуирано работење на компанијата;
- Предлага отворање/затворање на филијали како и потенцијални локации за истите;
- Се грижи за репутацијата на компанијата преку обезбедување на врвно ниво на услуга кон клиенти;
- Спроведува проценка на ризик на потенцијални корисници врз основа на интерни критериуми во согласност со политиката на компанијата;
- Предлага нови производи или промена на производите согласно потребите на пазарот;
- On-job coaching – работа на професионален развој на членовите на тимот и развој на продажни вештини преку сценарија и дискусии;
- Редовна евалуација на вработени и насочување;
- Прави истражувања на конкуренцијата и пазарот;
- Го контролира и води работењето на менаџерот на филијали и супервизорите во контакт центарот за услуга на клиенти;
- Подготовка на извештаи на дневна, неделна и месечна основа;
- Изработува месечни презентации и предлага активности за остварување на таргетите за продажба.
- Извршува други должности кои директното раководство може да ги додели.

**Останати одговорности на работното место:**

- Одговорен е за материјалното и финансиското работење на компанијата;
- Одговорност за остварување на бизнис планот на филијалите и нивно позиционирање на локалниот пазар;
- Одговорен за изработка, следење и контрола на буџетот на секторот;
- Одговорен за секторот за услуга на клиенти, вклучувајќи ги и сите вработени од филијалите или контакт центарот за услуга со клиенти;
- Одговорен за таргетот за продажба на компанијата, како и негово остварување.

**Услови од компанијата:**

- Дел од Менаџмент тимот;
- Современа и најнова технологија;
- Атрактивен пакет на бонуси;
- Дополнително здравствено осигурување;
- Вклучување во трет пензиски столб;
- Можност за напредување;
- Динамични работни услови во брзорастечка финтек компанија;

**Потребни квалификации и вештини:**

- **Образование:** Завршено високо образование (пожелно во бизнис администрација, менаџмент, комуникации или сродна област).
- **Искуство:** Најмалку 3–5 години искуство во корисничка поддршка, од кои барем 2 години на раководна позиција.
- **Јазични вештини:** Одлично познавање на македонски јазик и добро познавање на англиски јазик (писмено и усмено).
- **Комуникациски вештини:** Одлични интерперсонални способности, емпатија и умешност во решавање конфликти.
- **Лидерски способности:** Способност за водење и мотивирање на тим, како и развивање на култура на услужност и тимска работа.
- **Аналитички способности:** Способност за анализа на податоци и користење на метрики за подобрување на процесите.
- **Техничка писменост:** Познавање на CRM системи, алатки за онлајн поддршка, MS Office и дигитални комуникациски платформи.
- **Организациски способности:** Способност за управување со повеќе задачи истовремено и работа под притисок.

---

**Лични особини:**

- Проактивност и ориентираност кон решенија.
- Стрпливост и високо ниво на професионалност.
- Способност за тимска и независна работа.
- Фокус на задоволството на клиентите и подобрување на процесите.

Доколку сметате дека сте вистински кандидат кој може да изгради цврсто фокусирана организациска култура, Ве молиме испратете Ваша биографија и мотивационо писмо на македонски јазик преку полето Аплицирај.

Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите во Законот за работните односи. ФИНМАК го задржува правото да не избере ниту еден кандидат.

Со аплицирање, кандидатот изјавува дека е согласен неговите лични податоци наведени во прикачените документи да бидат собрани и обработувани од ФИНМАК, во согласност со Законот за заштита на лични податоци. Кандидатот изјавува дека е запознаен дека неговите

лични податоци се собираат и обработуваат со цел избор на кандидат за позицијата за која аплицира. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци.

Финансиско друштво ФИНМАК ДОО Скопје